Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 202/2266
28.12 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва и членот 32 став 1 точка 7 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, Управниот одбор на друштвото на својата 38та седница на ден 28.12.2020 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Општите услови за осигурување на живот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје (WLGTC 5/2020)**

**член 1**

Се прифаќа предлогот измена и дополнување на Општите услови за осигурување на живот.

**член 2**

Се менува насловот на условтие кој ќе гласи:
"Општите услови за осигурување на живот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје (WLGTC 6/2020)"

**член 3**

Во членот 21, после ставот 4 се додава нов став 5, кој ќе гласи:
"5. Како основа за пресметка на откупната вредност се користи математичката резерва. Откупната вредност може да се движи помеѓу 80% и 98% од износот на математичката резерва и зависи од трењето на осигурувањето и осигурителната година во која се бара откуп."

**член 4**

Во членот 35, после ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои ќе гласат:
3. Даночната регулатива која се однесува на договорите за осигурување на живот е пропишана во Закон за данок на личен доход, Закон за данок на добивка и Закон за ДДВ. Со промените во даночната регулатива се менуваат и основите за пресметување на даночните обврски кај договорите за осигурување на живот.
4. Согласно законот за ДДВ, член 23, точка 6, дејноста осигурување е ослободена од плаќање данок без право на одбиток на претходен данок."

**член 5**

Пречистениот текст на Општите условите за осигурување на живот е дел на оваа одлука.

**член 6**

Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето.

**член 7**

Општите условите за осигурување на живот треба да се достават до Агенцијата за супервизија за осигурување, во рок од 5 дена од усвојувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, со цел појаснување на одредбите од Општите условите за осигурување на живот кои се однесуваат на откупната вредност и даночните обврски по однос на договорите за осигурување, ги дополнува условите со одредби кои на осигурениците и договорувачите на осигурувањето ќе им дадат јасна слика по однос на овие прашања.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ - Виена Иншуренс Груп Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
Дарко Дедиќ

**Член на Управен одбор**
Мартин Теов